**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
бр.31- 734/1
02 февруари 2016 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г-дин Трајко Вељаноски**

# И З В Е Ш Т А Ј
## од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции по "Итните реформски приоритети за Република Македонија" на Европската комисија од јуни 2015 година

Националниот совет за евроинтеграции на 24 декември 2015 година организираше јавна расправа за "Итните реформски приоритети за Република Македонија" документ на Европската комисија од јуни 2015 година. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа: претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за одбрана. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа претставници од министерства и институции како и организации на граѓанското општество кои работат во областа на европските интеграции. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и од амбасади на земји-членки на ЕУ во Република Македонија.

На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г-ѓа Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г.Фатмир Бесими Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции и член на Советот, г-ѓа Ермира Мехмети претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, г. Димитар Стевананџија член на Националниот совет за евроинтеграции, г. Горан Мисовски претседател на Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, г.Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, г.Самка Ибраимовски од Партијата за целосна еманципација на Ромите, г.Бојан Маричиќ од Македонскиот центар за европско образование, г-ѓа Фани Каранфиловска Паневска од Фондацијата отворено општество-Македонија, г-ѓа Билјана Бејкова од НВО Инфо центар и г.Миша Поповиќ од Институтот за демократија "Социетас цивилис".

На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос на владеењето на правото и судството, парламентарниот надзор над следењето на комуникациите, регулаторните, контролни и надзорни тела, антикорупциските политики, деполитизацијата на јавната администрација, изборната реформа, слободата на

изразување, како и за препораките на Комисијата за испитување за настаните во Собранието од 24 декември 2012 година.

Во обраќањето пред Националниот совет за евроинтеграции, ***г.Фатмир Бесими Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции,*** истакна дека Итните реформски приоритети се тесно поврзани со двата документи кои неодамна ги усвои Европската комисија- Стратегијата за проширување на ЕУ и Извештајот за Република Македонија за 2015 година. Истакна дека постои конзистентна поддршка од граѓаните на Република Македонија за членство во ЕУ согласно резулатите кои се добиваат од спроведените анкети. Владеењето на правото, фундаменталните права, функционирањето на институциите, економскиот развој и повисокиот животен стандард остануваат приоритети на Стратегијата за проширување на Европската комисија, за земјите од регионот. Во Извештајот за Република Македонија за 2015 година главната порака за државата е дека Европската комисија ја условува препораката за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ со: продолжување на политичкиот дијалог, реализација на политичкиот договор и прогресот во реализацијата на Итните реформски приоритети. Господин Бесими информираше дека Владата на Република Македонија ги следи чекорите на институциите во реализацијата на Итните реформски приоритети. Секретаријатот за европски прашања со цел непосредно да се запознае со статусот на реализација на активностите од Итните реформски приоритети, остварува институционални посети при што веќе е реализирана посета на Министерството за информатичко општество и администрација и на Министерството за внатрешни работи, и планирани се посети и на Државната изборна комисија, Министерството за правда, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители. Идејата за овој чекор е да се утврди извештај за статусот на реализацијата на Итните реформски приоритети.

Вицепремиерот Бесими извести дека Владата со засилено темпо работи на зголемување на степенот на реализација на препораките од Итните реформски приоритети заради тоа што истите се и предуслов за непречено организирање на парламентараните избори во 2016 година.

Во однос на цивилниот сектор, г. Бесими информираше дека Секретаријатот за европски прашања во континуитет одржува средби со организициите на граѓанското општество кои даваат свој придонес во процесот.

Во однос на судството, г.Бесими информираше дека е усвоен Законот за утврдување на фактите и дисциплинска постапка за судиите, а со измените на Законот за Судскиот совет и Законот за судовите, се зајакнуваат критериумите за избор и одговорноста на судиите, како и спроведувањето на дисциплинската постапка. Петтата генерација од 13 кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители ја имаат завршено теоретската настава и се очекува да го полагаат завршниот испит. Објавен е оглас за шестата генерација на Академијата на судии и јавни ибвинителии, каде за 30 слободни места конкурирале 80 кандидати, при што има подобрена конкурентоста во споредба со претходните огласи каде бил забележан недостиг од кандидати. Академијата за судии и јавни обвинители реализирала 243 обуки за судии и обвинители кои биле посетени од над 5.000 учесници.Во Министерството за правда изготвена е Стратегија за реформи во судскиот сектор за период од 2015-2020 година. Во однос на транспаретноста за судските пресуди и решенија во употреба е нов веб-портал за пребарување. Се забележува зголемување на нормата на ефикасност на 95.12%, додека истата во 2014 година изнесувала 107,9%, а 2013 година 130.9 %. Времетрањето на судските предмети забележува подобрување во однос на 2013 година каде е утврдено времетраење од 113 дена или 2014 година од 97 дена, на 90 денови во 2015 година. Судскиот совет ја мониторирал работата на судиите со судските предмети постари од 3 години и од утврдената бројка од 10.000 нерешени случаи во јануари, до септември 2015 година се решени над 3600 предмети.

Во однос на борбата против корупцијата усвоени се измени на законската регулатива. Во септември 2015 воведен е електронски регистар за именувани функционери, и во твининг проектот ИПА за 2010 година предвидени се софтверски решенија за потранспарентен упис. Државната комисија за спречување на корупција од 22 септември 2015 година е со нов состав и истата ја усвои Националната програма за заштита од корупција и конфликт на интереси. Собранието на Република Македонија го усвои Законот за престанување на важноста на Законот за лустрација.

Во однос на изборните реформи, г.Бесими информираше дека е усвоен Изборниот законик и Државната изборна комисија е целосно консолидирана.

Во однос на слободата на изразување и медиумите беше истакнато дека има мораториум за јавните огласи на владините кампањи се до утврдување на методологијата која ќе даде поголема транспарентност. Усвоени се мерките за подобрување на финансиската независност на јавниот сервис и истите се спроведуваат. Етичкиот кодекс за јавниот сервис е во процедура и се очекува да се усвои од Програмскиот сервис на Македонската радио-телевизија. Се подготвуваат документи кои се однесуваат на реформите на финансирањето, односно менаџирање на јавните финансии и за зголемување на транспаретноста во медиумската сфера. За овие чекори се предвидува и поддршка од ИПА фондовите.

На крајот од излагањето г.Бесими потенцираше дека во престојниот период активностите на институциите ќе продолжат во насока на реализација на целите од Итните реформски приоритети.

***Во дискусијата г-ѓа Ермира Мехмети, пратеник и претседател на Комисијата за европски прашања,*** потенцираше дека Извештајот на Европската комисија треба да биде патоказ за исполнување на задачите и дека целта е Република Македонија по изборите од 24 април 2015 година да тргне во подобра насока.Истакна дека Извештајот на Европската комисија прави детална анализа на државните институции и владеењето во државата. Беше укажано на потребата сериозно и посветено да се работи на законската рамка, како и на практичното остварување на обврските кои произлегуваат од Извештајот. Според г-ѓа Мехмети најсензитивен проблем претставува судството и дилемата како ќе се уреди независноста на судската од извршната власт. Во повеќе извештаи на Европската комисија е забележано дека Република Македонија има добра законска рамка, но како недостаток се нотира имплементацијата на регулативата. Во однос на дисциплинската одговорност на судиите, г-ѓа Мехмети потенцираше дека е направен чекор напред во законската рамка, но останува да се види имплементацијата. Во дискусијата беше укажано дека ниту еден судија не е повикан на одговорност за донесена погрешна судска одлука. Г-ѓа Мехмети го сподели впечатокот дека судската власт и покрај подобрувањето на легислативата не ја врши добро својата работа при што предложи процесот на изборот на судии, по примерот на Република Србија да го мониторираат ОДИХР и ОБСЕ, за да се избегнат политички влијанија. Во дискусијата се укажа дека е неприфитливо за лица за кои не е утврдена вина да бидат осудени, на пр. за случајот Сопот, а никој од судиите да не е повикан на одговорност. На крајот од дискусијата беше потенцирано дека Собранието донесува закони согласно европските критериуми, и повика на квалитетно спроведуваат на законите во пракса.

***Претседателот на Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, пратеникот Горан Мисовски,*** во дискусијата изрази жалење што Република Македонија треба да постапува по Итните реформски приоритети, со оглед дека државата е кандидат за членство во ЕУ и НАТО и посочи дека е штета што во државата не се зборува за имплементирани проекти како европски стандарди. Во Република Македонија се води

актуелна дебата за слободата на говор, човековите слободи и права, деполитизација на јавната администрација и деполитизација на државната безбедност и контраразузнавањето. Господин Мисовски се осврна на Извештајот на Прибе каде е нотирана вмешаност на високи владини функционери во злоупотреба на власта, уцени, закани кон јавната администрација како и неправилности при изборот на судии. Во документот на Европската комисија - Итните реформски приоритети, меѓудругото се и препораките на Анкетната комисија за настаните од 24.12.2012 година. Во дискусијата г.Мисовски изнесе свои ставови во однос на случувањата во Собранието на 24.12.2012 година. Според г.Мисовски сеуште не се знае кој дал налог за отстранување на новинарите од Собраниската галерија и кој дал налог спротивно на Уставот и Деловникот на Собранието, седницата да биде затворена, иако за одржување на затворена седница е потребно 2/3 мнозинство.

***Претставникот од Истражувачки центар за граѓанско општество г.Суад Мисини,*** во дискусијата истакна дека нема ефикасност во судството и дека има голем број на нерешени предмети, при што информираше за лично искуство во судска постапка и донесена пресуда. Во однос на Итните реформски приоритети, беше изнесено дека донесени се измените на Изборниот законик. Во делот на финансирање на изборниот процес г.Мисини укажа на два детали: нелегално внесување на финансиски средства на посебната изборна сметка еден месец пред истекот на рокот за поднесување на финансиски извештај, како и потребата надлежните органи да имаат увид во банкарските сметки и банкарските изводи. Во дискусијата се изнесе мислење дека треба да се направи генерален реизбор во судско-обвинителската фела за да се спроведат реформските приоритети и укажа дека таа претставува главен бедем на заштитата на човековите права.

Во дискусијата на јавната расправа учествуваше и *г.* ***Самка Ибраимовски од Партијата за целосна еманципација на Ромите***, кој се осврна на Извештаите на Европската комисија каде секоја година е нотирано дека постои дискриминација на Ромите, непочитување на правата и непочитување на судски одлуки. Беа изнесени забелешки во однос на работењето на Комисија за заштита од дискриминација, како и на недоволна транспарентност на проектот „Купи куќа-купи стан“.

***Претставникот од Македонскиот центар за европско образование г.Бојан Маричиќ,*** истакна дека е од голема важност да се дискутира за Итните реформски приоритети, што е значајно за европската агенда на Република Македонија. Итните реформски приоритети се конкретни и потребно е почесто да се истакнуваат и да се следи спроведувањето на клучните точки и препораки од документот. Во дискусијата г.Маричиќ се осврна на судската и парламентарната контрола врз следењето на комуникациите и состојбите со независните регулаторни и контролно-надзорни тела. Беше упатено прашање што е превземено по точките од Итните реформски приоритети и каков е планот на дејствување на Секретаријатот за европски прашања.

***Претставникот од Институтот отворено општество г-ѓа Фани Каранфилова Пановска***, во дискусијата укажа дека Итните реформски приоритети претставуваат рамка во која треба да се случуваат реформите во Република Македонија. Беше изнесено мислење дека институциите немаат намера да ги исполнат приоритетите, а граѓанското општество не е вклучено во процесот на креирање на дополнителни политики и мерки кои треба да ги адресираат прашањата од Итните реформски приоритети. Во дискусијата се напомена дека сѐ уште ништо не е направено во однос на Законот за трансформација на привремените вработувања во постојани позиции и дека истиот сеуште се спроведува. Според г-ѓа Каранфилова-Пановска, постои проблем во Избирачкиот список и потребна е сериозна анализа за

негово прочистување. Во дисусијата се осврна на работата на јавниот радиодифузен сервис и владиното рекламирање при што се истакна дека без слободни медиуми, нема фер и демократски избори.

***Претставникот од НВО Инфоцентар г-ѓа Билјана Бејкова*** во дискусијата се осврна на слободата на изразување и медиумите, и на реформите во оваа област. Истакна дека нема реформи или постојат многу мали во двете области. Беше укажано дека не постои етички кодекс во јавниот радиодифузен сервис. Се постави прашање што се случува со интегритетот и независноста на уредувачката политика и што ќе се прави со програмскиот совет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и како ќе се следи текот на парите и сопственоста во комерцијалните медиуми. Според г-ѓа Бејкова, ниту еден случај на напад на новинари и граѓански активисти досега не е процесиран, при што до Министерството за внатрешни работи упати апел, случаите квалитетно и брзо да се процесираат.

***Членот на Националниот совет за евроинтеграции г. Димитар Стевананџија***, реагираше дека дебатата на јавната расправа е насочена во друг правец, а не конкретно на тема која е предмет и се разгледува на јавната расправа на Советот. Од негова страна беше сугерирано, во иднина Националниот совет за евроинтеграции да не се сфаќа како алатка за пропагирање на партиски интереси. Советот треба да биде тело кое заеднички и со консензус треба да работи за пристапување на Република Македонија во Европската унија.

***Претседателот на Националниот совет г-ѓа Лидија Димова*** изрази жалење што пратеникот Димитар Стевананџија не ја гледа поврзаноста на дискусијата со Итните реформски приоритети, и најави одржување на јавна расправа на Советот на тема „Улогата на граѓанското општество во процесот на пристапување во Европската унија“.

***Претставникот од Институт за демократија "Социетас цивилис" г.Миша Поповиќ***, во дискусијата изнесе дека Акцискиот план на Владата за спроведување на препораките од Итните реформси приоритети, сеуште не е објавен. Беше поздравено учеството на претставници од граѓанскиот сектор на јавната расправа на Советот, но се укажа дека интеракцијата со институциите кои ги спроведуваат препораките од Итните реформски приоритети сепак останува на ниско ниво. Според Поповиќ, од страна на институциите не е направена ревизија на она што е направено во однос на препораките од Извештајот на Прибе и препораките од Итните реформски приоритети.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА**
**ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Лидија Димова**

Република Македонија Собрание на Република Македонија Скопје

Доставено и до:
- Национален совет за евроинтеграции;
- Секретаријат за европски прашања;
- Комисија за европски прашања;
- Комисија за надворешна политика;
- Мешовит парламентарен комитет РМ и ЕУ;
- Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање;
- Комисија за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за одбрана.